М-р Иван ЦЕПАРОСКИ

## ПОСТМОДЕРНИЗМОТ И КУЛТУРНИОТ ПЛУРАЛИЗАМ

Броевите имаат чудна моќ. Тие не се волшебни само за питагорејците, туку и за сите оние кои во математиката гледаат наука над науките. Годините, пак, уште повеќе зрачат со својата чудесност. Книжевниците, да ги оставиме за момент филозофите и математичарите настрана, двеилјадитата година ја сметаат за „празноверје на децималниот метрички систем“ (како што, додека беше жив, говореше Х.Л. Борхес), и затоа на оваа импресивна „годишнина“, сметаат тие, не треба да ѝ се придава особено значење.

Од друга страна, пак, пред околу сто и педесет години, „дијалектичкиот лиричар“ Серен Кјеркегор во предговорот на своето дело „Страв и трепет“ (1843), ќе укаже говорејќи за сопственото време: „Нашето време подготвува ‘вистинска распродажба‘ не само во светот на трговијата туку и во светот на идеите. Сѐ може да се добие за толку смешно ниска цена, та оттаму, сега, е големо прашање дали на крајот ќе постои уште некој кој ќе сака и да нуди“.[1]

Спротивно на стравот на Кјеркегор за можното губење на понудите на планот на идеите, целиот XX век беше исполнет со огромен број и теориски и практични понуди на ниво на идеите! Една од клучните такви понуди, пројавена во последниве три децении, е токму постмодернизмот кому му се обраќаме во нашево излагање во контекст на културниот плурализам и општествената интеграција.

Но, ако на историјата ѝ се предадеме нефилозофски, а тоа уште повеќе важи за појавите коишто сѐ уште траат и чии сме современици, тогаш можноста да нѐ навјасаат големи незгоди е мошне извесна. Зашто, како што вели Карл Левит, „ако историјата на времето, меѓутоа, на нешто и може да нѐ поучи, тогаш е јасно дека таа не е нешто за што човек би можел да се држи и ориентира. Да сакаш сред историјата да се ориентираш кон неа, тоа

---

1 S. Kjerkegor, Strah i drhtanje, BIGZ, Beograd, 1975, str.29.

би било исто како и кога при еден бродолом би сакале да се држиме за брановите.“[2]

Сепак, бидејќи постмодерното мислење го напушта дискурсот на модерната, имено темата што ја воведе Хегел во вид на самокритичко потврдување на модерната, а воедно, според Хабермас, „и ги наведе правилата според кои таа тема може да се варира – дијалектиката на просветителството“[3], оттаму постмодерното мислење ја напушта конститутивната врска значајна за дискурсот на модерната, врската меѓу историјата и умот. Постмодерната тврди дека модерната го доживеа својот крај зашто во основа е проект што не може да се оствари[4], зашто се потпира врз верувањето во она што често се нарекува „големи метанаративи“, што е само друг израз за „Големите Приказни“ што со милениуми доминираат со Западната култура и цивилизација. Овие големи приказни на различен начин се појавуваат и се именуваат низ историјата. Да именуваме, заедно со Дик Хебдиџ, еден грст од нив:

„Божјото откровение, раширената Реч, засенчувањето на Историјата од Логосот, проектот на Просветителството, вербата во Прогресот, вербата во Разумот, вербата во Науката, модернизацијата, развојот, спасението, искупението, совршеноста на човекот, трансцеденцијата на историјата низ боженствената интервенција, трансцеденцијата на историјата низ класната борба, Утопијата, поднасловот Крајот на Историјата...“[5]

Ваквото тврдење нé воведе веднаш во суштествените белези на постмодернизмот, или поточно кажано, како што се изразува Ж.Ф. Лиотар – „постмодерна состојба“.[6] Оваа состојба е вкоренета во „културната логика на доцниот капитализам“ (Ф. Џејмисон)[7], и според Лиотар, се однесува на три различни стре-

---

2 K. Lowith, “Uvod” u: Hegelovska ljevica, Veselin Masleša, Sarajevo, 1980, str.52.

3 J. Habermas, Der philisophische Diskurs der Moderne, Frankfurt/M., 1985, s. 65.

4 Спореди: M.Jay, Marxism and Totality: The Adventures of Concept from Lukacs to Habermas, University of California Press, Berkeley-Los Angeles, 1984.; И.Џепароски, Во потрага по изгубениот тоталитет, Култура, Скопје, 1993.

5 D. Hebddige, “Postmodernism and the ‘Politics of Style”, in: Cultural Reproduction, (ed.) C Jenks, Routledge, London, 1993, p.79.

6 J.-F.Lyotard, The Postmodern Condition: A Report on Knowledge, Manchester University Press, Manchester, 1984.

7 F. Jameson, “The Postmodernism or the cultural logic of late capitalism”, New Left Review, July-August 1984, no. 146.

межи: првиот, тренд во архитектурата надвор од проектот на Модернистичкото Движење; вториот, распаѓање на вербата во идејата на прогресот и модернизацијата; и третиот, признавањето дека повеќе не е погодно да се употребува метафората за „авангардата“.

Но, со овие одредби на Лиотар работите ни приближно не се објаснуваат во целина. Зашто надвор од нив останува постмодернизмот како дескриптивна категорија во литературата[8], исто како и постмодернизмот во визуелните уметности каде што тој се определува како стремеж кон стилистички плурализам кој ја означува кризата на авангардата како идеја и институција[9]. А што да се рече за постмодернизмот во музиката[10], или пак за сите оние обиди да се опише постмодернизмот во контекст на појавните култури (emergent cultures) и субкултури поврзани со новите комуникациски технологии (видеото, домашниот компјутер, синтисајзерот, компакт дискот, CD-ROM–от, итн.).[11]

„Анти–естетиката“ може, исто така, да биде една од одредбите на постмодернизмот, зашто со отфрлањето на „мета–наративите“ (на пр. хегелијанизмот, марксизмот итн.) се исклучува можноста, како што тоа го прави Лиотар, дискурсите да се засновуваат врз каква и да е традиционална филозофска смисла. Но во тој случај врз што ќе се засновуваат дискурсите? Веројатно врз **наративите**, а тие, ако добро го разбираме Лиотар, се чини дека значат **кој и да е низ од настани**. Вредноста на наративата се состои во тоа што таа е само–оправдувачка и само–потврдувачка: „таа се осведочува себеси во прагматизмот на својата сопствена трансмисија“[12], таа едноставно **е**, и не треба да се пот–

---

8 Види на пр. I. H. Hassan, The Dismemberent of Orpheus: Toward a Postmodern Literature, London/New York, 1971; G. Hoffman, A. Hornung, R. Kunow, "Moderno, Postmoderno i Suvremeno kako kriterij za analizu književnosti XX stoljeća", Pitanja, Zagreb, br. 2-3, 1989, str. 140-152;

9 Види на пр.: Postmodernism, (eds) L. Appignanensi and G. Bennington, ICA Documents 4, Institute of Contemporary Arts, 1986.; кај нас: Н. Вилиќ, „Контра–тези за модернистичката предметност“, Годишен зборник, Филозофски факултет, Скопје, книга 20(46), стр. 139–148.

10 Види: Џ. Беверли, „Идеологија постмодерне музике и левица“. Летпис Матице српске, бр. 4, 1990, стр. 566–581.

11 Спореди: J. Baudrillard, America, Verso, London & New York, 1988

12 J. - F. Lyotard, op.cit. p. 27.

врди од некоја „мета–наратива“ (било идеолошка, било религиозна). Лиотар е повеќе заинтересиран за употребата или злоупотребата на наративата, отколку за нејзиното значење, така што на тој начин се доближува до Витгенштајновите одредби од „Филозофските истражувања“ дека „значењето на зборот е во неговата употреба во јазикот“. Тој се свртува кон единката и кон нејзиното најнепосредно оружје, кон микро–светот што таа го создава и во којшто живее. Оттаму наративата е забележливо „ослободувачка на персонално ниво, додека големата наратива е тоталитарна и авторитарна“[13]

Сево ова ни покажува дека постмодернизмот е повеќе збир од ставови во однос на авторитетот и авторитарноста, отколку што е кохерентен филозофски правец. Во ваквиот збир од ставови фокусирањето е насочено кон единката која е опкружена и завладеана од системите и теориите (големите наративи). Токму затоа постмодерните уметници, архитекти, музичари и писатели сосема слободно се однесуваат кон традиционалните уметнички вредности, преработувајќи ги на свој начин, честопати со многу иронија. Оттаму иронијата и пастишот се главните производи на постмодерната креативна практика со што се доведува во прашање системот на вредности од минатото и се создава инверзија во однос на востановената хиерархија на модерната.

Ако постмодернизмот нешто и значи тој пред сѐ е врв на неверувањето во кохерентноста и континуитетот, губиток на тоталитетот како терапевтска мерка, или кажано во духот на Валтер Бенјамин: еднонасочната улица на **целината** се надвладува од **фрагментот**, зашто како што укажува Лиотар, „скапо ја плативме носталгијата за целината и за едното, за помирување на поимот и сетилноста“ и затоа да ѝ објавиме „војна на целината, да укажеме на непредочивото, да ги активираме разликите, да ја спасиме честа на името.“[14]

Краткиот осврт кон постмодерната главно беше насочен кон лоцирањето на нејзините клучни идеи и тоа само во еден дискурс, дискурсот на наративите на Жан Франсоа Лиотар. Оста–

---

13 S. Sim, “Structuralism and Post-structuralism”, in Philosophical Aesthetics, (ed). O. Hanfling, Blackwell & The Open University, Oxford-Massachusetts, 1992, p.434.

14 J. - F.Lyotard, Postmoderna protumačena djeci, August Cesarec, Zagreb, 1990, str. 30-31.

на настрана деконструкцијата на Дерида или пак на Харолд Блум, остана неспомната постмодерната теорија на симулациите и симулакрумите на Жан Бодријар, не ја загатнавме ниту инструктивната постмодернистичка теорија на ризомот претставена во дискурсите на Делез и Гатари (која ја застапуваше во одделни свои есеи и Ферид Мухиќ), но сето тоа, во крајна линија, е и небитно (од гледна точка на постмодернизмот) зашто ние, кога би пледирале на сеопфатност и на целина би го изневериле духот на постмодернизмот кој се бори токму против таа целина.

Од сево ова би можело да се извлече заклучок дека науката, и дисциплините што се обидуваат да се втемелат на научна основа, немаат зошто да комуницираат со постмодернизмот, иако самите функционираат во едно такво време. Дека ваквиот став е погрешен доаѓа до заклучок Рафал Сасовер во својот текст „Постмодернизмот и филозофијата на науката" објавен во декември 1993 година.[15]

Суптилните анализи на Лиотоаровата и Тулминовата постмодерна филозофија на науката доведуваат до заклучок дека сличностите меѓу науката/филозофијата на науката и постмодернизмот не се незначителни. Згора на тоа Сасовер по опстојните анализи заклучува: „да се претставува дека тие живеат во целосна изолација една од друга и оти додека едната група е ангажирана во рационалното истражување, другата е изгубена во бездната на ирационалноста, е неинформирана и погрешна концепција што може да ги замолчи потенцијалните комуникации и критичкиот ангажман."[16]

Дијалогизирањето на постмодерниот простор (во Бахтиновска смисла – како теорија на плуралноста) и плурализацијата на постмодерните културни релации, се надеваме дека јасно се воочи од сево ова што досега беше кажано. Останува на крајот, излегувајќи од ризоматското мислење како „пролегомена за една алтернативна метафизика" (П. Патон)[17], да укажеме на значењето на постмодернизмот не како теорија туку како **културно движење**.

---

14 R. Sassower, "Postmodernism and Philosophy of Sience: A Critical Engagement", Philosophy of the Social Sciences, sage Publications, Inc. Vol. 23 No. 4, Dec. 1993, pp. 426-445.

15 ibid., p. 443.

Ерозијата и самракот на класните култури по Втората светска војна особено станува видливо, а за сметка на тоа културниот релативизам добива несомнен полет. Секако, за тоа постојат многу причини: „другите култури" ги „усвојуваат" придобивките на Западна Европа, појавата на масовните медиуми, деколонизацијата, производството во серии, дегеронтократизацијата на општеството (Е. Морен) и уште многу други појави, доедоа до големи промени во структурата на секојдневниот живот, промени што сé уште траат. Агнеш Хелер, во својот текст „Културните движења"[18], утврдува постоење на три генерации во повоените културни движења: егзистенцијалистичката; генерацијата на „отуѓувањето" и постмодернистичката генерација.

Оваа последна генерација, која сé уште трае, како културно движење (надвор од постмодерната теорија но не и без однос кон неа) има едноставна порака: сé минува. Тоа едноставно значи и дека „средиштето е изгубено" (Х. Зедлмејр) но и дека живееме во време на „пофалба на дисхармонијата" (Џ. Дорфлес). Постмодернизмот ја нема бунтовноста и револуционерноста на првата и на втората генерација (според поделбата на Хелер), но тој не е ни конзервативен во својот плурализам без граници. Тоа не е така зошто постмодернизмот бега од таквите поделби. Тој не се повикува на некоја одредена политика, зашто самиот тој е анти-политика. Тој сé уште опстојува зашто „културниот релативизам кој својот револт го сврти против фосилизацијата на класните култури и против 'етноцентричниот' култ на 'единствениот и на единственото' т. е. западното наследство, едноставно победи."[19] Опасностите од ваквата плурализација , од ваквото умножување и раздробување на културите, воочено е од мнозина иследувачи (на пр. Х. Арент) кои тврдат дека на тој начин не ќе биде можна „рационалната и паметна моќ на решавање". Но, според А. Хелер, а тоа мислење го делиме и ние, сé уште е рано за да знаеме дали ревитализацијата и плурализмот на културите ќе предизвикаат смрт на рационалните политики или ќе бидат вовед во еден или повеќе облици на порационална и подемок-

---

17 Цит. сп. B. Kneževic, "Postmodernizam i rizoma. Skica I.", Quorum, Zagreb, br. 2/3, 1990, str. 357.

18 A. Heler, "Kulturni pokreti", Polja, Novi Sad, br. 353-354. , 1988. str. 319-322.

19 ibid. , str. 321.

ратска политичка акција и во компромис меѓу парламентарниот систем и еден тип на директна демократија.“[20]

Во меѓувреме што ќе биде со културата, што над главата, и без да сака, ја носи својата постмодерна аура, останува отворено прашање. Во духот на постмодерната ќе го завршиме нашето излагање со цитат во дијалошка форма, толку познат а во суштина непознат:

„Прашање е“, рече Алиса, „дали можете да сторите зборовите да значат толку различни нешта.“

„Прашање е“, рече Хампти Дампти, „кој ќе биде господар – тоа е сé.“ (Луис Керол)

*Ivan Dzeparoski*

***Post-modernism and Cultural Pluralism***

*Summary*

*In the first part of this text, the author deals with Post-modernism, and this mainly through the philosophical discourse of the narratives (J. F. Lyotard). In the second part of the text, the author points to the possible consequences of the approach which takes as its basis the philosophy of science (R. Sassower), but at the same time, he analyses the socio-philosophical attitude which interprets Post-modernism from the aspect of cultural movements (A. Heler).*

---

20 ibid. , str. 322.